**КОМЕНТАРИ КОН ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ЕНЕРГЕТИКА – 14.11.2024 година**
**од**
**Македонско здружение за енергија од обновливи извори МЕОИ Скопје**
**(Macedonian Association of Renewable Energy Sources MARES)**

**Член 3, точка 141 -** Складирање на електрична енергија – потребно е терминолошко усогласување со останатите закони кои ја уредуваат оваа материја како што е Законот за градење (во последниот предлог нацрт текст на законот за градење се употребува терминот “батерии”).

***ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ***

**Член 87** - Предлог-законот комплетно ги игнорира тековните проекти, независно од капацитетот или фазата на развој.
Доколку се почитува заложбата од член 87, став (10) „прв дојден, прв услужен" тогаш на соодветен начин треба да се третираат започнатите проекти, класифицирајќи ги во соодветни позиции согласно новите одредби во законот.
Имено:

1. За објектите кои започнале урбанизација, треба најмалку да се смета дека веќе доставиле иницијатива согласно став (5) од член 87.
2. За објектите со завршена урбанизација, да се смета дека се веќе вклучени во годишниот план за 2025 и дека при поднесување на барање за овластување, дел од критериумите за доделување на овластување согласно член 90, став (1) се веќе исполнети, како на пример: алинеи 3, 5, 6, 7, 8.
3. За објектите со добиена Прелиминарна согласност од МЕПСО и/или добиено Решение за согласност за приклучување на преносната мрежа, да се смета дека се веќе вклучени во годишниот план за 2025 и истите да можат веднаш да продолжат со барање за Овластување, доколку ги исполнуваат останатите услови потребни за добивање овластување. Како дел од планот, овие објекти операторот на преносниот систем треба веднаш да ги вклучи во развојните планови, согласно член 87, став (13), алинеја 3.
4. За објектите кои имаат одобрение за градење а немаат Решение за приклучување или се одбиени (се однесува на проекти помеѓу 200 kW и 10 MW, кои согласно постоечкиот закон немале обврска да побараат Овластување), да се третираат како објекти со добиено Овластување и за нив да важат истите права што ќе им следуваат на објектите со Овластување добиено според овој Предлог закон, како на пример одредби од типот на член 88, став (11) мерки за поддршка, член 99 „Приклучување на мрежи" и други.

Одредбите за објектите кои се веќе во некакв фаза на развој може да се вметнат во конкретните членови на законот или де се предвидат како преодни одредби.
Доколку тоа не се направи, сериозно се прекршува принципот на „прв дојден, прв услужен".

**Член 87, ст. (14)** – Јавниот интерес да биде утврден за сите проекти и за сите објекти кои произведуваат електрична енергија од обновливи извори.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ – Доколку намерата е да се ограничи кои објекти/проекти ќе се сметаат за објекти/проекти од јавен интерес, за да се осигура правна сигурност неопходно е условите за доделување на статус јавен интерес и начинот на утврдување да бидат јасни и концизни. Сегашната одредба остава простор за различно толкување кои се тие објекти што придонесуваат за споменатите цели и кој орган и во која постапка ќе го утврдува јавниот интерес.

**Член 88, ст. (1)** – Да се предвиди издавање на овластувањето без тендер врз основа на (1) склучен договор за јавно приватно партнерство, (2) склучен договор за концесија, (3) влегувањето во сила на посебниот закон со кој се уредува реализацијата на инвестицијата за изградба на енергетскиот објект.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ – Во споменатите три ситуации државата преку Министерството или Владата веќе спроведува одредени јавни повици и постапки за избор на приватни партнери/концесионери/инвеститори за проекти за кои е веќе одлучено да бидат дел од годишниот план, односно од планираните проекти на државата. Дополнително, со споменатите договори и закони се уредува реализацијата на предметните проекти и односите со државата/државните субјекти. Оттука, нецелисходно и неефикасно е да се има две постапки за избор, при што се нарушува и правната сигурност со можноста трети лица да учествуваат за време на тие постапки. Сепак, за да се задржи еднаквиот пристап на сите инвестиции, во постапките за воспоставување на Договор за јавно приватно партнерство, Договор за концесија и Договор за реализација на инвестиција склучен по донесување на посебен закон, условите да бидат исти како оние пропишани за добивање на Овластување.

**Член 92** - Да се предвиди можност за продолжување на рокот за најмалку 1 година, во случај на одолговлекување на постапките за урбанизација и одобрение за градење.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ: Рокот е проблематичен, во пракса се покажува како недоволен за реализација на сите постапки кои ќе му овозможат на инвеститорот да го запази рокот на важност на овластувањето и да обезбеди одобрение за градење на својот објект.

**Член 298** – Да се предви преоден период, односно овозможување на инвеститорите со тековни проекти да продолжат со развој и добивање на овластување без тендерска постапка. Притоа, за соодветните проекти да има разумен рок во кој инвеститорот ќе ги обезбеди документите кои недостасуваат, во спротивно да не важи овластувањето за изградба.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ – Во моментов постојат голем број на проекти за кои досегашниот развој и обезбедени документи/овластувања/дозволи ќе бидат залудни, што ги доведуваат инвеститорите во материјални загуби од стотици илјади евра. Исто така, во интерес е за државата и електроенергетскиот систем овие проекти да се реализираат во најкраток можен рок.
Доколку се воведе тендерска постапка и за тековните проекти, ќе се одлолговлечи реализирањето на нови енергетски објекти во наредните 5–7 години, што не е во корист на државата имајќи ја предвид сегашната состојба во енергетскиот сектор (производство/потрошувачка, таргети на обновливи извори, и сл).

За илустрација, процесот најверојатно би изгледал вака: (1) до крај на 2025 година да се донесе годишниот план, (2) до средината или крај на 2026 година прв успешен тендер, (3) развој на проектот до крај на 2028 – 2029 година, и (4) изградба во 2030 – 2031 година.